Младински Културен
Центар – Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

**БИТОЛА, МАРТ 2020**

## ЗА МКЦ – БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е младинска, непрофитна, граѓанска организација основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

**Долгорочни цели:**

- Развој на волонтерството и неформалната едукација;
- Развој на демократското и граѓанското општество;
- Развој на урбаната култура и продукција.

**Краткорочни цели:**

- Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија;
- Подобрување и јакнење на вештините кај младите;
- Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи;
- Поддршка и афирмација на урбаната култура.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година како и партнерска организација на двете најголеми светски мрежи на волонтерски организации The Alliance и Service Civil International - SCI. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица. Од 2019 година МКЦ-Битола е национален координатор на проектот ROUTE WB6 под лидерство на РИКО (RYCO) за воспоставување на регионална програма за размена на волонтери на Западен Балкан.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и Сојуз на младински работници (СМР), член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Коалицијата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 20 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Шеснаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а тринаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја  размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

МКЦ – Битола активно се вклучува во процесите на креирање на јавните политики на локално и на национално ниво, како и во мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. МКЦ - Битола учествува во национални проекти како локален или регионален партнер при изработката на мониторинг извештаи (транспарентност икомуникации со јавност на општините,  јавни набавки, децентрализација) кои се однесуваа на општините  од Пелагонискиот регион - Битола, Демир Хисар, Новаци, Ресен, Могила, Крушево, Кривогаштани, Долнени, Прилеп.  Дополнително, МКЦ – Битола води и активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стартегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола, подготовка на Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022).

На крај, 2019 година ја обележа МКЦ – Битола како силна младинска и волонтерска организација преку големиот број успешно реализирани локални волонтерски акции со вклучување на повеќе од 100 младинци – волонтери, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ:

Во текот на 2019 година, МКЦ – Битола продолжи со развивање и реализација на проекти и активности во рамките на новите пет програми:

1. Волонтерство
2. Неформално образование и јакнење на вештини на младите
3. Граѓански активизам
4. Урбана култура
5. Организациски развој

Развивањето на проектите и програмите претставува широко партиципативен процес на планирање врз база на потребите на корисниците и заедничка соработка со други граѓански организации и партнери од земјата и регионот. Притоа, главните компоненти на програмските активности за 2019 година беа насочени кон:

- Зајакнување на активизмот меѓу младите во локалната заедница преку волонтирање и понуда на можности за неформално образование,
- Поддршка на процесите за унапредување на социјалниот дијалог и партиципативно носење на одлуки на локално ниво
- Поттикнување и активно учество во иницијативи на локално и национално ниво за намалување на младинската невработеност
- Активно учество и организација на јавни дебати, трибини и работилници за клучни прашања за граѓанскиот ангажман (волонтерство, младинска работа, вработливост на младите, активни мерки за вработување, практикантство, неформално образование, младински активизам, младинско организирање),
- Поддршка за урбаната култура и продукција.

Програмата за 2019 година беше реализирана со поддршка на: Меѓународниот центар Олоф Пламе, РИКО програмата со поддршка на Министерството за надворешни работи на Норвешка, УНДП, Министерството за култура на РСМ, Европската Комисија, Фондацијата отворено општество Македонија и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.

# ПРОГРАМА: ВОЛОНТЕРСТВО

## ПРОЕКТ: ROUTE WB6

МКЦ-Битола е партнерска организација во конзорциум од 6 организации од Западен Балкан под водство на RYCO кои имаат за цел да воспостават регионална програма за размена на волонтери како придонес кон помирувањето и подоброто разбирање помеѓу младите во овие земји.

Волонтерските размени ќе почнат во 2020 година, а оваа година се дизајнираше програмата и подготовките за ефикасна имплементација. Дополнително, бевме вклучени со експертска поддршка во креирањето на волонтерските политики во соседно Косово.

Како резултат на оваа иницијатива покренуваме национален процес на редефинирање на законската регулатива за волонтерство во државата и на 26 декември 2019 го организиравме **Националниот Форум за Волонтерство** во Скопје. Проектот е поддржан со фондови на Министерството за надворешни работи на Норвешка.



## ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2019

По повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите, Младински културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) од 2006 година востанови Национални волонтерски награди во Република Македонија.

ЗЛАТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО ВО 2019 ГОДИНА доделивме на иницијативата **#НеБидиЃубре** за нивната акција за чистење на јавни простори и диви депонии и на **Ротари клубот Битола Широк Сокак** за волонтерската акција „Да засадиме иднина – 50.000 садници за Битола".

Во активностите за одбележување на овој ден имавме учество на јавни дебати за волонтерство во Штип и Битола, како и штанд на волонтерскиот саем што беше организиран во Битола. Активни бевме и во активностите на Локалниот волонтерски совет на општина Битола кој ги додели и локалните волонтерски награди.




## ВОЛОНТЕРСКА АКЦИЈА

Во месец декември МКЦ-Битола заедно со учениците и неколку професорки од ОУ „Св. Климент Охридски"-Битола, реализираа волонтерска акција преку која се изработи инвентар за летна училиница, што се постави во дворот на училиштето. Голем број на ученици учествуваа во акцијата и беа мотивирани да создаваат нови производи со рециклирање на материјалите и да дадат свој придонес во подобрување на условите во училиштето. Волонтерската акција беше поддржана од општина Битола.





## ЈУБИЛЕЈ: 20 ГОДИНИ НА МЛАДИНСКАТА МРЕЖА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - SEEYN

Во рамките на завршниот настан во Нови Сад – Европска младинска престолнина за 2019 година, се одржа прославата на значаен јубилеј – 20 години од основањето на **Младинската мрежа на југоисточна Европа – SEEYN**. Лидерска младинска мрежа која обединува дваесетина организации од 12 земји на југоисточна Европа, а МКЦ-Битола е активен член во мрежата од 2002 година.

Преку презентации и панел дискусии се потсетивме на значајните достигнувања, посебно во развојот на волонтерските политики и младинскиот активизам во регионот, а дискутиравме и за следните предизвици за зајакнување на младинскиот сектор во нашите земји.






## ПРОГРАМА: НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

## СРЕДНОШКОЛСКИ КАПИТАЛ

Целта на проектот е да ја подобри состојбата на средношколското организирање во средните училишта во Битола. Во рамките на проектот се постигнаа следниве резултати:




- ✓ Формирана средношколска заедница во едно средно училиште во Битола (Медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи-Битола")
- ✓ Спроведено истражување во средните училишта во Битола и реализирани две консултативни средби во кои ќе бидат опфатени 20 професори и претставници од стручната служба и 20 средношколци од средните училишта во Битола
- ✓ Скенирана моментална ситуација на средношколско организирање во училиштата преку анализа од добиените резултати
- ✓ Реализирани десет работилници за јакнење на капацитетите на средношколската заедница во едно средно училиште и креирана програма за работа на средношколската заедница
- ✓ Реализиран настан за промоција на средношколската заедница пред сите ученици и засегнати страни.

## МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Целта на проектот „Младински иницијативи за вработување" е придонес кон подобро усогласување на вештините потребни на пазарот на труд со оние стекнати во формалниот образовен процес преку јакнење на вештините на младите луѓе за барање работа и зачувување на работното место. Обуките се реализираа во просториите на младинскиот инфо клуб при Правниот факултет во Битола и вклучуваа седум модули: воведен модул, личен развој, барање работа, комуникациски вештини, тимска работа, соодветно однесување на работно место и финансиски вештини. Секој од модулите беше во траење од 5 работни дена. Во периодот предвиден за реализација на проектот (01.02.2019 – 31.07.2019) беа имплементирани два циклуси на идентични обуки (во април прв циклус со 30 учесници и во мај 2019 втор циклус со 30 учесници) со цел да се опфати што поголема група на младинци, односно се опфатија вкупно 60 млади невреботени лица, вклучувајќи и студенти од Битола и околните општини, на

возраст од 18 до 29 години. Во реализацијата на модулите покрај обучувачите беа поканети и гости предавачи - локални стручни лица, се со цел да се подобри квалитетот на обуките.

## САЕМ ЗА КАРИЕРА 4

Настанот го реализиравме на 27.11.2019 година во Фоајето во Центар за култура Битола со следната агенда:

- Штандовска презентација на 10 компании кои понудија повеќе од 90 слободни работни места,
- Интерактивен едукативен корнер: Tips & Tricks за CV, мотивациско писмо и интервју за работа
- Интерактивен инспиративен корнер за намалување на младинската миграција @sakamdaostanam




Мотивациски говори:

- **Теодора Николовска** Основачка на маркетинг и консултантската компанија Вруток
- **Ајлин Шеали**, Оперативна Менаџерка, во Пазар 3
- **Весна Атанасова** – сопственичка на Хелен Дорон центарот во Битола, сопственичка на Образовен центар Атанасова
- **Димитар Митревски** – еден од основачите на online платформата Бинтерн. Платформа која ќе ги поврзи студентите со компаниите.

На настанот присуствуваа повеќе од 200 лица кои се вклучија во програмските активности. Настанот беше поддржан од Општина Битола и од УНДП.




## ИПА ПРОЕКТ: „ПОДЕЛЕНО МИНАТО – ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА“

Во 2019 година организиравме Национален тренинг за социјални иновации чија цел беше оспособување на четири меѓусекторски тимови да развијат иновативни решенија за проблеми идентификувани од четири граѓански организации. Паралелно на ова, тимовите научија за процесот на креирање на социјални иновации со меѓусекторски пристап на засегнатите страни во неформално образование и застапување за градење на мир и помирување.

**"Мирот не се чува со сила, туку се постигнува само со разбирање"** е мотото на кампањата која ја реализира МКЦ – Битола во рамките на проектот Поделено минато – заедничка иднина.






Целта на кампањата беше да го промовира Националниот тренинг за социјални иновации и четирите проекти кои се реализираат во нашата земја а имаат за цел зајакнување на почитувањето на различностите и подобрување на инклузивните практики со членовите на заедницата и засегнатите страни преку активности за градење на мирот.

## МОФ КЛУБОВИ

МОФ клубовите кои функционираат во МКЦ Битола нудат можност младите луѓе од градот и околината да учат, да се дообразуваат, да се дружат и да креираат на различни теми и идеи заедно. Секој викенд се организираат работилници во просториите на МКЦ Битола за младинско организирање и учество. Согласно потребите и интересите, младите ги посетуваа медиа арт клубот, дебатниот клуб и за волонтерски акции. Оваа година се реализира и обука за дигитален маркетинг спроведена од **Vrootok.**

## ПРОЕКТ: „МЛАДИНСКИ ИНФО КЛУБ ВО БИТОЛА"

Со подршка на UNDP, МКЦ-Битола продолжи со координација на активностите на **„Младинскиот инфо клуб"** на Универзитетот во Битола. Главна цел на клубот е да ги информира студентите за активните мерки на пазарот на труд, да понуди совети и материјали за унапредување на нивните можности за практична работа, неформално образование и јакнење на нивните вештини за полесна транзиција кон вработување. Во текот на годината се одржаа обуки за стекнување на меки вештини и се одржаа неколку средби за вмрежување на бизнис заедницата со млади невработени лица, баратели на работа.

## ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

## ПРОЕКТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА"

Целта на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата" е поддршка на локалните актери за воспоставување и развој на **Локалниот економско-социјален совет на општина Битола** (ЛЕСС Битола) како механизам за зајакнување на социјалниот дијалог.



Во рамките на проектот, успешно се реактивира работата на ЛЕСС Битола, се обновија мандатите и се избраа нови членови кои активно се вклучија во организација на три јавни настани за дискусија со сите засегнати локални чинители: форум на заедницата за утврдување на приоритети во работата на ЛЕСС Битола, јавна дискусија за Законот за практикантство и јавна дискусија за синдикалното здружување во приватниот сектор. Како резултат на проектот, се изработи и Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022 којшто беше усвоен од Советот на општина Битола и беа алоцирани финансии од буџетот на општина Битола за дел од активностите предвидени со Акцискиот план.

Проектот е финансиски поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## ИПА ПРОЕКТ: „АКТИВНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРОМЕНИ"

Овој проект е дел од активностите во рамки на проектот „Социјална отчетност за родова еднаквост" кој го спроведува Здружението ЕСЕ во партнерство со Акција Здруженска и четири локал МКЦ – Битола во 2019 година, во рамките на иницијативата „Активни заедници за социјални промени", користејќи ја методологијата за социјална отчетност правеше мониторинг и оценка од заедницата на запознаеноста и користењето на две активни мерки за вработување како и на услугите кои ги нуди Агенцијата за вработување, односно нејзините подрачни одделенија. Оваа година работевме на улиците Пецо Божиновски и Тошо Даскало во Битола.

Организиравме презентација на добиените резултати и изготвивме препораки за подобрување на состојбата кои беа доставени и дискутирани со соодветните институции на локално и на национално ниво.

## ПРОЕКТ АНАЛИЗА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ОПШТИНИТЕ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Анализата на јавните набавки во општините на Пелагонискиот регион се спроведе како резултат на соработката и учеството во проектот Мрежа за транспарентност, отчетност и интегритет во јавните набавки, кој го спроведува Центарот за граѓански комуникации - Скопје, во партнерство со Фондацијата Фокус – Велес.

Анализата за Пелагонискиот регион ги опфати сите 9 општини (Битола, Прилеп, Демир Хисар, Новаци, Могила, Долнени, Кривогаштани, Крушево). Краен резултат во 2019 година од овој проект беше промоцијата на анализата која имаше за цел граѓаните, институциите и граѓанскиот сектор да се информираат за резултатите од спроведената анализа за мониторингот на спроведувањето на јавните набавки за 2018 година при што беа користени унифицирани алатки за мерење и проценка на почитувањето на стандардите за транспарентност, отчетност и интегритет во јавните набавки и нивно спроведување според потребите на граѓаните.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГА МОСТ

Како регионална канцеларија на МОСТ, МКЦ-Битола ги набљудуваше Претседателските избори во двата изборни круга со **102 набљудувачи**. Тие беа обучени и распоредни во 4 општини Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци каде известуваа за текот на изборниот ден и за процесот на гласање. Дополнително, беа испратени над 150 дневни извештаи од настаните во кампањата на политчките партии.

## ПРОЕКТ: „ПРИСТАП ДО ПРАВДА" – БЕСПЛАТНА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

МКЦ - Битола девет години континуирано обезбедува примарна правна помош за граѓаните од Општина Битола и околните општини. Со помош на проектот **„Пристап до правда во Македонија"**, кој се реализира со финансиска поддршка од Фондација Отворено – општество Македонија, во 2019 година укажана е примарна правна помош на вкупно **190 граѓани** од социјално загрозени семејства. Како резултат на вака укажаната примарна помош од наша страна се поднесени осум барања за секундарна правна помош, од кои шест барања се одобрени и судските постапки се веќе во тек, едно барење е одбиено, а за едно сеуште чекаме одговор.

Со цел подигнување на јавната свест и информираност кај општата јавност и корисниците за нивните законски загарантирани права и обврски од новиот Закон за бесплатна правна помош, чија примена започна од месец октомври, изготвено е промотивно видео, како и одржани се две едукативни сесии во Општина Битола и една во Општина Прилеп.

## ПРОГРАМА: УРБАНА КУЛТУРА

### ИЗЛОЖБА

Изложба на фотографии на **Дороти Пачкова** во МКЦ-Битола под наслов **„Уште што друго сум освен што сум канцер на општеството“** Фотографиите референцираат на првите феминистички фотографии, но во современ контекст и преку перспектива на сингл мајчинство. Фотографиите се свесно доведени до радикална асиметрија на нагласување на успешноста на жената, токму поради потребата да се излезе од дисфункционалниот, наметнат, директно и индиректно, матрикс.



### МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ 2019

Младински културен центар – Битола (официјален УНЕСКО младински клуб) по седми пат се вклучи во одбележувањето на Меѓународниот ден на џезот 30-ти април со организирање на концерт на **Оливер Јосифовски Квартет** во вторник 30-ти април 2019 година. Овој настан е дел од глобалната акција за прослава на Меѓународниот ден на џезот кој вклучува настапи и концерти во преку 100 земји во светот. Овој ден ги сплотува нациите и општествата прославувајќи ја уметноста на џезот, потенцирајќи ја неговата важна улога во охрабрувањето на дијалогот меѓу културите и цивилизациите, промовирајќи го човековото достоинство.





## КОНТАКТ КОНФЕРЕНЦИЈА 2019

Фестивалот **„Битола отворен град"** беше претставен на најголемата регионална конференција на фестивали, промотери, букинг агенции, бендови, артисти и организатори „Контакт" што се одржа во од 20-23 март 2019 година во Белград, Република Србија.




## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2019"

Фестивалот претставува процес во кој на симболичен начин споивме различни генерации кои поминале и креативни, но и изгубени години во општествени промени на транзиција, па и изолација, но никогаш не ги напуштила желбата за култура и уметност. Оттука "Битола отворен град" е културолошка појава, промовирање на напредни идеи и позитивни општествени вредности, укажувајќи на важни теми.

Целна група на нашиот фестивал се сите оние кои сакаат квалитетна музика, кои сакаат да бидат опкружени со луѓе со слични сфаќања на животот, сакаат и уметност која се создава надвор од мејнстримот.






Оваа година незаборавот го обележа музички концерт каде главен збор имаа: легендарните **Психомодо Поп** од Хрватска, македонските рок повратници **Ласт Експедишн** и енергичните **Дивље Свиње** од Србија.

Локација: Плоштад Гоце Делчев Широк сокак Битола. Недела 30 јуни 2019 година






Уште еден „хајлајт" на овогодинешното фестивалско издание беше настанот **Живи библиотеки.** Овој настан го организираме во рамките на регионалниот проектот **"Разговарај со книгата"** во партнерство со уште 5 граѓански организации од Србија, Босна и Херцеговина, Словенија, Хрватска и Црна Гора. Проектот е инициран од БалканИдеа од Нови Сад со поддршка на OPENS 2019 (Младинска Европска Престолнина Нови Сад 2019). Меѓу учесниците на настанот беше и Претседателот на Република Северна Македонија **Г-дин Стево Пендаровски.**



Другата фестивалска програма вклучуваше **изложба на мејл арт** со дела на уметници од преку 30 земји од светот, меѓународната изложба **„Урбан фото салон"** и мултимедијалниот перформанс на **Марјан Георгиевски „Урбана литература @lo-fi".**

Нова локација за фестивалските настани која ја искористивме беше Скејт паркот на градското шеталиште, каде имавме одличен концерт на **Паркети** со поддршка од 2 млади бендови од Битола **HNC** и **Soundwaves**.



Контакт информации:

**Младински културен центар – Битола**
ул. Цар Самоил 29 Битола 7000 Северна Македонија
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
www.volonter.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/
https://twitter.com/mkcbitola